*К. ТОМОВСКИ*

# МАНАСТИРОТ ПРОХОР ПЧИНСКИ

Манастирот ПрохорПчински е тесно поврзан со поновата историја на македонскиот народ. Имено, како што е познато во манастирот, во неговите конаци, на 2 август 1944 година е одржано историското Прво заседание на АСНОМ. Но и во минатото манастирот бил тесно поврзан со Македонија, бидејќи и неговата обнова во XIX век е дело на наши мајстори градители, а во него работеле и зографи од Македонија. Спрема тоа, манастирот претставува историски и културен споменик од посебно значење за македонската историја и култура.

Манастирот Прохор Пчински се наоѓа во подножјето на планината Козјак покрај самата река Пчиња. Манастирскиот комплекс се состои од манастирската црква која се наоѓа во средиштето на комплексот и манастирските конаци.

Манастирот е посветен на пустиножителот Прохор Пчински и основан уште во XI век[1]), а црквата е обновена во XIV век во времето на кралот Милутин.[2]) Од оваа црква, која инаку била од средна големина — 22 м. долга и 16 м. широка, запазени се мали остатоци декорирани со фрески, кој дел, денес вклопен во новата црква, служи како олтар.

Црквата и манастирскиот комплекс го добиле денешниот изглед главно во XIX век.

Така, манастирската црква во својот сегашен изглед изградена е во 1898 година што дознаваме од натписот што се наоѓа на мермерната плоча над самиот западен влез. Од истиот натпис ги дознаваме и мајсторите-градители на оваа црква а тоа се браќата Јанче и Ангел Василеви од село Тресонче, Дебарско. Наведуваме и дел од споменатиот натпис кој гласи: *„Обнови се 1898 год. За вре-*

[1]) Црквата изгледа ја подигнал познатиот византиски цар Роман IV Диоген. На истиот цар му се припишува и изградбата на првобитната црква Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино, близу Куманово.

[2]) В. Марковић, Православно монаштво и манастири у средњевековној Србији, Сремски Карловци, 1920, стр. 28. За манастирот Прохор Пчински меѓу другите пишува и: А. Јовановић, Пчиња, Гласник српског ученог друштва за 1881; Ј. Х. Васиљевић, Свети Прохор Пчињски и његов манастир, Годишњица Николе Чупића, књ. XX, Београд 1900; В. Петковић, Преглед црквених споменика кроз повесницу српског народа, Београд 1950; П. Гагулић, Манастир Свети Прохор Пчињски, Ниш 1965,

*ме Г. Фирмилијарна архимандр. и администратор. скопске јепарх. и управитељ. манастир. Јована Поповића свеще. с. Старц. и Недељко С. Ковачевић тутор с. Клиновц Мајстор Јанча и Анђел Браћа Василеви — Тресонче Дебар".*

При обновувањето на црквата мајсторите-градители имале потребен респект кон запазениот дел од старата црква и истиот го вклопуваат во новата композиција на основата. Инаку, новата црква има базиликална форма комбинирана со впишан крст со пет куполи и кула камбанарија на западната страна. Во обликувањето на надворешниот изглед на црквата се чувствуваат доста јаки домашни традиции, со кои мајсторите градители имале можност да се запознаат, особено во горните партии на објектот (во обработката на куполите и тамбурите). По своите стилски особености архитектурата на овој објект се поврзува со општите романтичарски тенденции, кои во овој период сè уште доминираат во архитектонското творештво кај балканските народи. Фасадните површини на црквата се малтерисани и фугирани во имитација на обработка во камен, додека влезните портали и ќошињата на објектот се обработени во природен зеленикав камен. Мајсторите градители обрнале посебно внимание и врз расчленувањето на фасадните површини со што е добиена богата второстепена пластика која естетски го збогатува изгледот на самата црква. Така, бочните фасади се расчленети со пиластри и прозорски отвори, поставени во два реда еден врз друг. Воопшто речено архитектурата на црквата на манастирот Прохор Пчински претставува една усогласена архитектонска композиција со сите одлики кои ја карактеризираат градбата на верските објекти од овој период.

Мајсторите градители на црквата, како што веќе наведовме, се браќата Јанче и Ангел Василеви од с. Тресонче[3]). Со имињата на овие два мајстора се дополнува и онака богатата листа на мајстори градители од XIX век, кои како што е познато, се пројавуваат и како носители на градежништвото на Балканот во овој период.

Самиот манастирски комплекс е обиколен со манастирски конаци кои се градени во XIX век, а ги има и од поново време.

Манастирскиот комплекс има три влеза: „Врањски" влез од западната страна, „Кумановски" влез од јужната страна и „Пчињски" влез од северната страна.

Порано северно од врањскиот влез постоеле стари конаци таканаречени „Старе граѓе" кои биле изградени во 1832 година, а на нивно место изградени се новите конаци во 1913 година. Јужно од врањскиот влез се наоѓаат „Врањските згради" изградени во

---

[3]) Селото Тресонче е познато мијачко село во кое се негувало градителството, резбарството и зографството. Од село Тресонче потекнуваат познатите мајстори — градители од фамилиите: Рензовци, Пачаровци, Илиевци, Ангелкови, Џонгаровци и други. Види: А. Василиев, Български възрожденски майстори, София, 1965.; К. Томовски, Мајстор Андреја Дамјанов, Скопје, 1967.

1854—1862 година кои го зафаќаат југозападниот дел од манастирскиот комплекс. Овој конак е на приземје и три ката, односно на приземје и два ката што е постигнато од самата конфигурација на теренот. Конакот се одликува како по својата архитектура: со доксатите и чардаците, така и по своето функционално и конструктивно решение и по својата големина. Во него се поместени околу 40 простории. Поместувањето на ваков голем број на простории го овозможува самото функционално решение со поставување на централен коридорски систем и редење на простории од двете надолжни страни.

Јужниот конак или така наречениот „Кумановски конак" граден е во 1861 година што дознаваме од натписот на плочата што се наоѓа покрај влезната порта во конакот. Кумановскиот конак е зграда со приземје и два ката со голем чардак и извонредно архитектонски решен доксат ориентиран спрема манастирскиот двор.

И двата наведени конаци ѕидани се во бондручна дрвена конструкција на катовите а во приземјето во камен.

Имињата на мајсторите-градители на овие два конаци не се одбележани на натписните плочи кои се наоѓаат на самите објекти. Но по стилот на градењето може да претпоставиме дека, најверојатно, се дело на македонски мајстори.

Други објекти во склопот на манастирскиот комплекс се следните: Помала зграда на северната страна на црквата изградена 1891 година, потоа таканаречената „митрополија", зграда која се наоѓа на источната страна на црквата, а во која одседнувале митрополити кога престојувале во манастирот по што и самата зграда го добива своето име. Во склопот на манастирските конаци на источната страна се наоѓа старата кујна — „магарница", а во самиот двор и старите амбари.

Во новите манастирски конаци во кракот што го зафаќа северниот дел на манастирскиот комплекс, на 2. VIII. 1944 година е одржано првото заседание на АСНОМ. Во овие простории по случај 25 годишнината од историското заседание отворен е меморијален музеј посветен на самото заседание.[4]) Тука, во автентичниот амбиент поместени се материјалите кои говорат за подготовките и текот на работата на првото заседание на АСНОМ како и одлуките што се донесени. Дел пак од просторијата наредена е со клупи а на ѕидовите се поставени знамиња, пароли и портрети со што се дочарува самиот амбиент во салата во која е одржано историското заседание.

Со ова одбележување манастирот Прохор Пчински доби уште една содржина во својата богата историја, која ќе им говори на поколенијата за раѓањето на Народна Република Македонија.

---

[4]) Потребните реконструкции во конаците ги изведе Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата на СРМ во летото 1969 година.